Пример

Врз основа на член _____ од (се наведува интерен акт на контролорот/обработувачот), а во врска со одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20),_____донесе

РЕШЕНИЕ/ОДЛУКА
за определување на овластено лице за сигурност на информацискиот систем (администратор на информацискиот систем)

1. СЕ ОПРЕДЕЛУВА _____за администратор на информацискиот систем како лице задолжено за сигурност на информацискиот систем во_____.
2. Лицето од точка 1 на ова/а решение/одлука СЕ ЗАДОЛЖУВА да ги врши особено следните работи:
   - планирање и примена на техничките и организациските мерки за безбедност на личните податоци утврдени од страна на контролорот;
   - контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци;
   - ги доделува, менува, одзема и ажурира привилегии за авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема на одреден временски период во зависност од фреквенцијата на статусни примени во врска со вработувањето, распоредувањето, ангажирањето и/или престанокот на вработувањето, а најмалку еднаш годишно;
   - доделува корисничко име и лозинка (за прва најава), како и врши бришење на корисничките имиња и лозинки, или ги заклучува за натамошен пристап во согласност со критериумите на контролорот;
   - ја хостира посебната електронска пошта за контакт и пријавување на инциденти или појави на невообичаени настани што можат да влијаат на информациите и комуникацијата на системите на Контролорот (доколку има ваква електронска пошта, а согласно анализата на ризик);
   - управува со системот за евиденција за пристап до информацискиот систем;
   - го известува раководството на Контролорот за секоја аномалија или безбедносен инцидент, веднаш, а најдоцна во рок од __ часа од моментот на инцидентот;
   - со одобрение на раководството, а согласно состојбата и видот на амортизираниот медиум врши негово уништување (на пример УСБ, ЦД...) или бришење на податоците (на пример хард диск, лаптоп...);
   - овозможува пристап до интернет преку овластен провајдер согласно анализата на ризик и согласно одлуката на раководтсвото го ограничува пристапот до интернет со блокирање на сите несуштински услуги и сервиси;

- одговорен е за сервер просторијата и оперативните сервери на кои се врши централизирана обработка на личните податоци од страна на сите вработени во Контролорот;
- се грижи за примена на мерки за минимизирање на ризиците од можни напади (на пример од напади преку инјектирање на SQL кодови, скрипти – cross site script attack, Denial of Service Attack - DOS напад и сл.);
- во случај на настанат физички или технички инцидент кој ја нарушува информацискатa сигурност на системите, во соработка со вработените го менаџира справувањето со инцидентот и ги презема сите мерки неопходни за повторно воспоставување на достапноста на личните податоци;
- врши редовно тестирање на функционалноста на сигурносните копии за што во соработка со Офицерот изработува План за обезбедување на континуитет;
- ја проверува функционалноста на алармниот систем за детекција на движење против упад и превенција од кражба (доколку има ваков систем);
- ги информира вработените за: воспоставениот систем за евиденција за пристап до информацискиот систем (логови), специфичните ризици поврзани со користење на преносливите медиуми и утврдените процедури за намалување на овие ризици и техничките и организациските мерки која се однесуваат на извршувањето на нивните конкретни обврски и одговорности;
- врши контрола на операциите кои овозможуваат евидентирање на секој пристап до информацискиот систем - logs, како и во однос на техничкото оневозможување за нивно деактивирање;
- се грижи за примена на сите технички решенија во согласност со најсовремените технолошки достигнувања за што во соработка со Офицерот му предлага на раководството соодветни предлог унапредувања на процесите и информацискиот систем во целина.

3. Администраторот е должен при извршувањето на своите работи да ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката кај контролорот.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Одговорно лице
(управител/директор)
(потпис)

_____